**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА КОРПОРАТИВНА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ**
**„МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ“ - СКОПЈЕ**

# СТАТУТ

(пречистен текст)

Скопје, 2025 година

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Асоцијацијата за корпоративна и дигитална безбедност - „**МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ**“ - Скопје (во натамошниот текст: Асоцијацијата) е непартиско, непрофитно, неполитичко и невладино здружение на граѓани.

Асоцијацијата е посветена на значењето, развојот и промоцијата на концептот за корпоративна безбедност, почитување на владеење на правото и заштита на човековите слободи и права во оваа област.

Добиените резултати од сопствените истражувачки проекти и активности, Асоцијацијата, во континуитет и транспарентно ќе ги претставува пред стручната, научната и поширока општествена јавност со цел да придонесе кон унапредување на концептот за корпоративната безбедност во Република Северна Македонија.

**Член 2**

Асоцијацијата е дел од невладиниот сектор во Република Северна Македонија и е самостојна во организирањето и остварувањето на своите цели и активности утврдени во овој Статут, а своите права, должности и одговорности ги остварува во согласност со Уставот и законите.

Дејноста на Асоцијацијата е од јавен, самостоен, независен и општ карактер.

**Член 3**

Работата на Асоцијацијата е јавна и транспарентна.

## II.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 4**

***Цели на Асоцијацијата***:

- унапредување на концептот на корпоративната и дигиталната безбедност во Република Северна Македонија;
- јакнење на професионалната одговорност, интегритет и дигнитет на менаџерите на корпоративна и дигитална безбедност;
- промоција на функцијата менаџер за корпоративна и дигитална безбедност во деловниот свет;
- вклучување во активностите на Асоцијацијата на дипломирани, магистрирани и студенти каде што се изучува теоретски корпоративната безбедност, безбедноста на образовниот простор, безбедноста на институциите за извршување на санкциите, здравствената безбедност, дигиталната безбедност, заштитата на личните податоци, владеењето на правото и човековите права (преку нивно информирање, организирање на практична настава и обука и други облици на научно и практично дејствување).

***Задачи на Асоцијацијата***:

- научно истражување на состојбите кои се однесуваат на концептот за корпоративната и дигиталната безбедност, заштитата на човековите права и владеењето на правото;
- промоција на стручна и научна литература од областа на корпоративната и дигиталната безбедност и човековите слободи и права;
- информирање на стручната, научната и поширока општествена јавност за современите сознанија за корпоративната и дигиталната безбедност, почитувањето на човековите слободи и права;
- истражување на ставовите на јавноста во Република Северна Македонија во врска со развојот на корпоративната и дигиталната безбедност;
- остварување соработка со невладините и стручни здруженија да организираат и даваат експертизи од областа на корпоративната и дигиталната безбедност, заштита на човековите права;
- организирање на стручни советувања, конференции, семинари, предавања и други форми на заедничка работа;
- промоција на позицијата менаџер на корпоративна и дигитална безбедност;
- истражување на состојбите во областа на корпоративниот криминалитет и предлагање на мерки за негова превенција;
- јакнење на партнерството помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор.

**Член 5**

Асоцијацијата нема да врши политички активности, ниту својот имот и средства нема да ги користи за остварување на цели на политичките партии.

Програмата и дејствувањето на Асоцијацијата нема да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката; поттикнување или повикување на воена агресија, разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

**Член 6**
**Назив и седиште**

Целосното има на Асоцијацијата на македонски јазик гласи:
„**МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ**“ - Скопје**.**

Скратеното име на Асоцијацијата гласи: **„АКДБ“**.

Целосното име на Асоцијацијата на англиски јазик гласи:
**„ASSOCIATION FOR CORPORATE AND DIGITAL SECURITY“**.

Скратеното име на Асоцијацијата на англиски јазик гласи: **„ACDS“**. Седиштето на здружението е во Скопје.

Својата дејност Асоцијацијата ја остварува на територијата на Република Северна Македонија.

Седиштето на Асоцијацијата е на следната адреса: ул. "Пандил Шишков" бр. 10/19, Скопје.

Овластено лице за застапување на Асоцијацијата во правниот промет е:
1.Претседателот на Асоцијацијата – **Ристе Козарев.**

## Член 7

Асоцијацијата има печат во кружен облик на кој пишува: АСОЦИЈАЦИЈА ЗА КОРПОРАТИВНА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ на македонски јазик.

Симболот на Асоцијацијата има кружен облик со сина боја, во чија средина се ставени почетните букви од називот на асоцијацијата со латинична транскрипсија во портокалова и бела боја: ACDS. Кружната форма е пресечена со друг помала полукружна форма во портокалова боја. Од десната страна на симболот е испишан називот во сина боја на Асоцијацијата на Македонски и Англиски јазик, а под нив Република Северна Македонија и Republic of North Macedonia (Прилог бр. 1).

Печатот на Асоцијацијата е круг со пречник од 3,2 см во чиј центар се наоѓа името на Асоцијацијата.

Штембилот на Асоцијацијата е правоаголник со димензии 6х3 см во чиј горен дел е испишано името АСОЦИЈАЦИЈА ЗА КОРПОРАТИВНА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, со кирилични и латинични букви одвоени со тенка линија. Во долниот дел е испишано името на Асоцијацијата со големи печатни кирилични букви одвоени од горниот дел со две тенки линии.

## Член 8
## Членство во Асоцијацијата

Член на Асоцијацијата може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Северна Македонија или државјанин на друга држава, кој доброволно ќе пристапи кон Асоцијацијата, обврзувајќи се да ги застапува и брани интересите и целите на Асоцијацијата и да работи во согласност со Статутот.

Членство во Асоцијацијата може да остварат и правни лица од Република Северна Македонија.

На членот на Асоцијацијата му се издава легитимација под услови утврдени со Правилник за издавање на легитимација за член на Асоцијацијата.

## Член 9
## Услови за зачленување на физички и правни лица во Асоцијацијата

Услови за зачленување на физички лица се:
1.индивидуално барање од физичко лице;
2.препорака од двајца членови на Асоцијацијата до Собранието на Асоцијацијата која се доставува до Претседателот на Асоцијацијата.

Членството се потврдува на наредната седница на Собранието на Асоцијацијата;

Асоцијацијата може да има и почесни членови кои покажале посебен интерес во развојот на корпоративната безбедност, владеењето на правото и човековите права. Почесните членови не можат да бидат бирани во органите на Асоцијацијата и немаат право на глас.

Членство се стекнува со потпишување на пристапница.

Услови за зачленување на правни лица:
1.препорака од двајца членови на Асоцијацијата до Собранието на Асоцијацијата која се доставува до Претседателот на Асоцијацијата. Членството се потврдува на наредната седница на Собранието на Асоцијацијата;
2.тековна состојба од правното лица.

## Член 10
## Престанок на членство во Асоцијацијата

Членството за физички лица во Асоцијацијата престанува со:
1.изјава за престанок од членот на Асоцијацијата која се доставува до Претседателот на

Асоцијацијата;
2.смрт;
3.губење на деловна способност;
4.исклучување од Асоцијацијата со одлука на Претседателот на Асоцијацијата.
Членството за правни лица во Асоцијацијата престанува со:
1.Одлука на управителот на правното лице;
2.Исклучување од Асоцијацијата со одлука на Претседателот на Асоцијацијата.
На членот на кој му престанува членување во Асоцијацијата му се издава Исписница која ја потпишува Претседателот на Асоцијацијата.

**Член 11**
**Права и обврски на членовите**

***Членот има право***:

1. Рамноправно со другите членови да учествува во остварувањето на целите и задачите на Асоцијацијата;
2. Непосредно да учествува во одлучувањето на Собранието;
3. Да бира и да биде биран во органите на Асоцијацијата;
4.Да биде благовремено и потполно информиран за работата и активностите на Асоцијацијата;

***Членот е должен***:

1. Активно да придонесува за остварување на целите и задачите на Асоцијацијата;
2. Да учествува, во согласност со интересот, во активностите на Асоцијацијата;
3. Да плаќа годишна членарина на сметка на Асоцијацијата;

**Член 12**
**Регистар на членови**

Асоцијацијата уредно води Регистар на членовите кој се ажурира еднаш годишно.

**Член 13**
**Внатрешна организација**

Органи управување на Асоцијацијата се:
- Собрание;
- Претседател на Асоцијацијата.

Други органи и тела на Асоцијацијата се:
- Генерален секретар;
- Работни тела;
- Истражувачки центри.

**Член 14**
**Собрание на Асоцијацијата**

Собранието на Асоцијацијата го сочинуваат сите членови кои пристапиле кон Асоцијацијата. Собранието на Асоцијацијата ги врши следните работи:
1. ги донесува Статутот, Програмата и другите акти на Асоцијацијата и одлучува за

нивно изменување и дополнување;
2. ги утврдува правците за работа на Асоцијацијата;
3. разгледува прашања непосредно поврзани со целите и задачите на Асоцијацијата;
4. усвојува: завршна годишна сметка на Асоцијацијата и Годишен извештај на Претседателот на Асоцијацијата;
5. определува претставници кои ќе ја претставуваат Асоцијацијата во сојузи, асоцијации и други домашни и меѓународни организации;
6. донесува Деловник за својата работа;
7. одлучува за почесни членови на Асоцијацијата, на предлог на Претседателот на Асоцијацијата;
8. одлучува за висината на годишната членарина;
9. одлучува за престанок на Асоцијацијата со двотретинско мнозинство;
10. одлучува и за други прашања што не се во надлежност на другите органи на Асоцијацијата.
11. го избира и разрешува Претседателот на Асоцијацијата од редовите на членовите на Асоцијацијата, со просто мнозинство
12. ја разгледува Информацијата од Генералниот секретар на Асоцијацијата за бројот на членови на Асоцијацијата.

Седниците на Собранието ги свикува претседателот на Собранието, на предлог на Претседателот на Асоцијацијата или на најмалку 5 членови на Асоцијацијата.

Собранието може полноважно да одлучува ако на него присуствуваат повеќе од половината од неговите членови.

Собранието одлучува со мнозинство на гласови од присутните членови. Секој член на Собранието има право на еден глас.

За одлука за измена и дополнување на Статутот неопходно е двотретинско мнозинство на присутните членови.

**Член 15**

**Претседател на Асоцијацијата**

Претседателот на Асоцијацијата е Претседател на Собранието на Асоцијацијата.

Претседателот се избира за време од три години со право на избор на уште еден мандат.

Претседателот на Асоцијацијата може да биде разрешен од должноста Претседател спротивно на неговата волја доколку;
- не работи согласно законските прописи;
- не ги почитува одредбите на овој Статут, одлуките на Собранието и истите не ги спроведува или ненавремено ги спроведува;
- доколку со своето работење како Претседател причини материјална штета на Асоцијацијата;

Иницијатива за сменување на Претседателот на Асоцијацијата може да покренат најмалку две третини од вкупниот број на членови на Собранието на Асоцијацијата.

Предлогот по иницијатива за разрешување на Претседателот на Асоцијацијата го утврдува Собранието на Асоцијацијата со двотретинско мнозинство. Одлука за разрешување на Претседателот на Асоцијацијата донесува Собранието на Асоцијацијата со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието на Асоцијацијата.

**Член 16**

**Надлежност на Претседателот на Асоцијацијата**

Претседателот на Асоцијацијата е надлежен:

- да свикува и да раководи со седниците на Собранието на Асоцијацијата;
- да ја насочува и да ја координира работата на работните тела на Асоцијацијата;
- да изготвува Годишен извештај за својата работа;
- да управува со имотот на Асоцијацијата;
- ја операционализира Програмата за работа на Асоцијацијата,
- донесува одлука за потписници на жиро – сметката на Асоцијацијата,
- предлага до Собранието на Асоцијацијата формирање постојани и повремени работни тела,
- предлага до Собранието членови на работни тела;
- управува со работата на Асоцијацијата помеѓу две седници на Собранието;
- ја поттикнува соработката со домашни научни и наставни институции;
- ја предлага меѓународната соработка на Асоцијацијата;
- донесува одлука за доделување на награди, признанија, плакети;
- да врши и други работи согласно Уставот и законите, во рамките на статутарните цели и задачи на Асоцијацијата;

Претседателот на Асоцијацијата во случај не негово отсуство овластува член на Асоцијацијата кој ќе го заменува и застапува Асоцијацијата во негово име.

**Член 17**

**Работни тела на Асоцијацијата**

Собранието на Асоцијацијата, од редовите на членството формира

- постојани и
- повремени работни тела (комисии).

**Член 18**

**Генерален секретар на Асоцијацијата**

Генерален секретар на Асоцијацијата:

1. подготвува нацрт предлози за општите акти кои ги донесува Собранието на Асоцијацијата;
2. води регистар на членовите на Асоцијацијата;
3. ја води и чува архивата на Асоцијацијата;
4. извршува и други работи за потребите на Претседателот на Асоцијацијата.

Собранието на Асоцијацијата на предлог на Претседателот на Асоцијацијата го назначува и разрешува Генералниот секретар.

**Член 19**

**Форми на работа на Асоцијацијата**

Во рамките на Асоцијацијата, како посебни форми на делување се работните тела, панел дискусиите, дебатите, научни, стручни конференции, симпозиуми и советувања.

На предлог на Престседателот на Асоцијацијата се основаат центри за обука и истражување од областа на корпоративната, безбедност, човековите права и владеењето на правото. Одлуката ја донесува Собранието на Асоцијацијата.

**Член 20**

**Соработка со други организации**

Заради остварување на своите цели, Асоцијацијата, воспоставува контакти и соработка со владини и невладини стручни, научни, образовни и сродни здруженија и организации од земјата и странство. Асоцијацијата посебно ќе остварува соработка со единиците на локална самоуправа.

**Член 21**

**Средства за работа на Асоцијацијата**

Средства за работа и за остварување на целите и задачите, Асоцијацијата ги обезбедува со:

- членарина;
- други приходи и средства утврдени со закони (прилози, донации, подароци, од буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетот на Град Скопје, странски меѓународни невладини и владини организации и сл.);
- преку работи и учество во одделни проекти.

Асоцијацијата може да стекнува предмети, парични средства и имотни права.

Во располагањето со средствата Асоцијацијата ќе се придржува кон Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

**Член 22**

**Статут и други акти на Асоцијацијата**

Статутот е темелен општ акт на Асоцијацијата и сите други општи акти мораат да бидат во согласност со одредбите од Статутот.

**Член 23**

**Престанок на работата на Асоцијацијата**

Асоцијацијата, престанува да работи со одлука на Собранието ако одлуката е донесена со двотретинско мнозинство, на предлог на претседателот на Асоцијацијата, ако не постојат услови за остварување на неговите цели, како и во други случаи предвидени со законот.

Во случај на престанок со работа, претседателот на Асоцијацијата одлучува за имотот на Асоцијацијата.

## III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

**Измени и дополнувања на Статутот**

Измени и дополнувања на Статутот се вршат на начин и во постапка предвидена за неговото донесување, а пречистен текст утврдува Собранието на Асоцијацијата.

**Член 25**

**Меѓународна соработка**

Асоцијацијата може да пристапи кон меѓународни здруженија кои се занимаваат

со корпоративна и дигитална безбедност, демократија, владеење на правото, човековите слободи и права, за што одлука донесува Претседателот на Асоцијацијата.

**Член 26**
**Толкувањето на Статут**

Толкувањето на одредбите на овој Статут дава Претседателот на Асоцијацијата.

**Член 27**
**Донесување на Статутот**

Овој Статут се смета за донесен ако за него на седница на Собранието се произнесат повеќе од половината од вкупниот број членови на Асоцијацијата.

**Член 28**
**Преодни и завршни одредби**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Претседател на Собрание**
**проф.д-р Атанас Козарев**

ПРИЛОГ бр. 1

АСОЦИЈАЦИЈА ЗА КОРПОРАТИВНА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ
Република Северна Македонија

ASSOCIATION FOR CORPORATE AND DIGITAL SECURITY
Republic of North Macedonia